РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4487/1
21.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Дваесетти дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Во рамки на спроведувањето на изборниот мониторинг за Локалните избори 2025 и согласно член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот за соработка од 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за активностите реализирани на 20 октомври 2025 година.

Во него ве информираме дека Советот на Агенцијата, на седниците одржани на 19 и 20 октомври 2025 година, покрена четири прекршочни постапки против четири радиодифузери за констатирани прекршувања на изборниот молк во првиот круг од Локалните избори 2025 година.

Спротивно на Изборниот законик, телевизијата Компани 21-М на 18 октомври, првиот ден од изборниот молк, емитуваше реприза на емисијата Клик плус – Изборни дебати со учество на тројца кандидати за градоначалник на Општина Центар. ТВ Шутел на 18 и 19 октомври емитуваше музички спот и документарна емисија во кои се појавува кандидат за градоначалник на Општина Шуто Оризари. ТВ 24 Вести на 19 октомври, во вестите во 10 часот, емитуваше изјава од министерот за внатрешни работи Панче Тошковски, а ТВ Вистел истиот ден двапати емитуваше прес-конференција на истиот министер за време на изборниот молк.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**